# INTOSAI-P 10

## Декларација од Мексико за независноста на ВРИ

Принципите на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции INTOSAI, како дел од Рамката за професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

INTOSAI

INTOSAI, 2019

1) Претходно познат како ISSAI 10: Декларација од Мексико за независноста на ВРИ
2) Декларацијата е усвоена во 2007 година
3) Преамбулата е изменета во 2018 година
4) Со воспоставувањето на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), преименуван е во INTOSAI-P 1 со уреднички измени во 2019 година

INTOSAI-P 10 е достапен на сите официјални јазици на INTOSAI: арапски, англиски, француски, германски и шпански

# ПРЕДГОВОР

Декларацијата од Лима од 1977 година беше првиот документ на INTOSAI кој сеопфатно ја утврди важноста на независноста на врховната ревизорска институција (ВРИ), потсетувајќи ги членовите на INTOSAI дека ВРИ можат да бидат објективни и ефективни само доколку се независни од субјектот кој е предмет на ревизија и се заштитени од надворешно влијание. Курсот беше поставен и, во следните години, темата независност беше предмет на различни настани на INTOSAI.

На 44тиот состанок на Управниот одбор на INTOSAI во Монтевидео, Уругвај, се формираше фокусна група која првично беше предводена од мојот претходник. Мандатот на фокусната група беше да ја испита независноста на ВРИ и да предложи начини за реални подобрувања во оваа област.

Фокусната група за независност на ВРИ ја заврши својата задача и издаде финален извештај на 31 март 2001 година. Во својот извештај изнесе осум основни принципи за решавање на независноста на ВРИ. Во преамбулата на извештајот, претседавачот ги потсети ВРИ дека тие играат важна улога во повикувањето на владите на одговорност за користењето на јавните средства и дека можат да изразат независен став за квалитетот на управувањето со јавниот сектор. Како актуелен претседавач, повторувам дека ова е сѐ уште така, дури и повеќе, со оглед на зголемените барања од јавноста за надзор и одговорност.

Една од препораките на фокусната група беше формирање на поткомитет за промовирање на независноста на ВРИ и развој на упатства за ВРИ. Во 2001 година станав претседател на овој поткомитет, составен од ВРИ кои беа членки на фокусната група: Австрија, Антигва и Барбуда, Камерун, Египет, Португалија, Саудиска Арабија, Шведска, Тонга и Уругвај. Првото нешто што беше побарано од поткомитетот беше да направи преглед на параметрите во врска со независноста, притоа земајќи ги во предвид различните режими и законски рамки.

Од 2001 до 2004 година поткомитетот работеше на одредби за примена (примери) кои би илустрирале што се подразбира под независност на ВРИ. Се спроведе анкета за да го процени степенот на усогласеност меѓу ВРИ за осумте клучни принципи.

На семинарот на UN/INTOSAI што се одржа во Виена, Австрија во 2004 година, голем број раководни лица на ВРИ кои беа присутни на овој семинар детално дискутираа за независноста на ВРИ.

Од 2004 година, поткомитетот работеше на повелба за независност на ВРИ и изготви упатства за примена на осумте клучни принципи, земајќи ги во предвид различните видови на ВРИ. Опширните консултации со ВРИ во голема мера придонесоа за квалитетот на документите.

Ја имам честа да известам дека поткомитетот ја заврши својата работа. Сакам да им се заблагодарам на членовите на поткомитетот за нивниот труд и посветеност, како и на сите ВРИ кои дадоа придонес во нашата работа.

Шила Фрејзер, FCA

Претседавач

Поткомитет за независност

# СОДРЖИНА

**ДЕКЛАРАЦИЈА ОД МЕКСИКО ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА ВРИ**

**ПРЕАМБУЛА** **6**

**ОПШТО** **8**

ПРИНЦИП 1 8

ПРИНЦИП 2 8

ПРИНЦИП 3 9

ПРИНЦИП 4 10

ПРИНЦИП 5 10

ПРИНЦИП 6 10

ПРИНЦИП 7 11

ПРИНЦИП 8 12

# 1

# ДЕКЛАРАЦИЈА ОД МЕКСИКО ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА ВРИ

## ПРЕАМБУЛА

Генералното Собрание на Обединетите нации (UNGA) во своите Резолуции 66/209 од 2011 година и 69/228 од 2014 година ја призна важната улога на врховните ревизорски институции (ВРИ) во промовирање на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавноста администрација, што придонесува за постигнување на националните развојни цели и приоритети, како и меѓународно договорените развојни цели.

Во Акциската агенда за финансирање на развојот од Адис Абеба, одобрена со Резолуцијата 69/313 на Генералното Собрание од 2015 година, земјите-членки се обврзаа да ги зајакнат националните контролни механизми, како што се врховните ревизорски институции, и да поттикнат мобилизација и ефективната употреба на домашните јавни ресурси.

Ова ветување произлегува од јасното признание во Резолуцијата 69/228 за улогата на ВРИ во поттикнување владина отчетност за користењето на ресурсите и нивната ефикасност во постигнувањето на развојните цели. За да се осигури дека ВРИ можат да го исполнат ветувањето, овој документ ги охрабрува земјите-членки да посветат должно внимание на независноста и градењето на капацитетите на ВРИ, на начин што е во согласност со нивните национални институционални структури.

Свесни дека независноста треба да остане главна цел на сите ВРИ, резолуциите, исто така, укажуваат и ги поттикнуваат земјите-членки да ги применат, на начин кој е во согласност со нивните национални институционални структури, Декларацијата од Лима за Основните начела во ревизијата од 1977 година и Декларацијата од Мексико за Независноста на врховните ревизорски институции од 2007 година, како што следи:

Од XIX Конгрес на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) во Мексико:

Имајќи предвид дека прописното и ефикасно користење на јавните средства претставува еден од основните предуслови за правилно управување со јавните финансии и ефективност на одлуките на надлежните органи.

Имајќи предвид дека INTOSAI-P 1 - Декларацијата од Лима (Основни начела во ревизијата) наведува дека врховните ревизорски институции можат да ги извршуваат своите задачи само доколку се независни од субјектот кој е предмет на ревизија и се заштитени од надворешно влијание.

Имајќи предвид дека за да се постигне оваа цел, неопходно е, за здрава демократија, секоја земја да има ВРИ чија независност е гарантирана со закон.

Имајќи предвид дека Декларацијата од Лима потврдува дека државните институции не можат да бидат апсолутно независни, како и дека ВРИ треба да имаат функционална и организациска независност потребна за извршување на нивните мандати.

Имајќи предвид дека со примена на принципите на независност, ВРИ можат да постигнат независност преку различни средства користејќи различни заштитни мерки.

Имајќи предвид дека одредбите за примена кои се содржани овде ги илустрираат принципите и се сметаат за идеални за независноста на една ВРИ. Потврдено е дека ниедна ВРИ во моментов не ги исполнува сите одредби, и затоа, презентирана е и друга добра пракса за постигнување независност во придружните упатства.

## » ОДЛУЧИ:

Да се усвои, објави и дистрибуира документот со наслов “Декларација од Мексико за независноста“.

# ОПШТО

Врховните ревизорски институции генерално признаваат осум основни принципи, кои произлегуваат од Декларацијата од Лима и одлуките донесени на XVII Конгрес на INTOSAI (во Сеул, Кореа), како суштински барања за правилна ревизија на јавниот сектор.

# ПРИНЦИП 1

**Постоење на соодветна и ефективна уставна/законска/правна рамка и de facto одредби за примена на оваа рамка**

Неопходна е легислатива која детално го прецизира степенот на независност на ВРИ.

# ПРИНЦИП 2

**Независност на раководителите и членовите на ВРИ (во институциите со колегиум), вклучувајќи осигурување на мандатот и правниот имунитет при редовното извршување на нивните должности.**

Применливата легислатива ги утврдува условите за назначување, повторно назначување, вработување, отстранување и пензионирање на раководителите на ВРИ и членовите на институциите со колегиум кои се:

- назначени, повторно назначени или отстранети преку процес кој ја обезбедува нивната независност од извршната власт (види: GUID - 9030 Добра пракса за независноста на ВРИ);
- назначени со достатно долги и точно одредени мандати кои овозможуваат спроведување на надлежностите без страв од одмазда, и
- имуни на судско гонење за какво било дело, минато или сегашно, што резултира од редовното извршување на нивните должности.

# ПРИНЦИП 3

**Доволно широк мандат и целосна дискреција во извршување на функциите на ВРИ**

ВРИ треба да имаат овластување да вршат ревизија на:

- употребата на јавни пари, ресурси или средства, од примател или корисник, без оглед на нивната правна природа;
- наплатата на приходи кои се должат на владата или јавните субјекти;
- законитоста и регуларноста на финансиските извештаи на владата или јавните субјекти;
- квалитетот на финансиското управување и известување, и
- економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето на владата или јавните субјекти.

Освен кога е поинаку регулирано со закон, ВРИ не вршат ревизија на политиките на владата или јавните субјекти, туку се ограничуваат на вршење ревизија на спроведувањето на политиките.

Почитувајќи ги законите донесени од страна на законодавството, кои се однесуваат на нив, ВРИ се ослободени од насочување или мешање од страна на законодавната или извршната власт во:

- избор на прашања/теми за ревизија;
- планирање, програмирање, извршување, известување и следење на ефектите од ревизијата;
- организација и управување со нивната институција;
- спроведување на нивни одлуки каде што примената на санкции е дел од нивната надлежност.

ВРИ на ниеден начин не треба да бидат вклучени во управувањето на субјектите кои се предмет на ревизија.

ВРИ треба да осигурат дека нивните вработени не развиваат блиски релации со субјектите кои се предмет на ревизија, со цел да останат целосно објективни.

ВРИ треба да имаат целосна дискреција во извршувањето на нивните задолженија; треба да соработуваат со владите или јавните субјекти кои се трудат да го унапредат користењето на и управувањето со јавните средства.

ВРИ треба да користат соодветни стандарди за работа и ревизија, како и етички кодекс, кои ќе се базираат на официјални документи на INTOSAI, Меѓународната федерација на сметководители или други признати тела за утврдување на стандарди.

ВРИ треба да поднесуваат годишни извештаи за својата работа до законодавната власт и други државни органи, во согласност со уставот, статутите или законите, кои треба јавно да ги објават.

## ПРИНЦИП 4

**Неограничен пристап до информации**

ВРИ треба да има соодветни овластувања за добивање навремен, непречен, директен и слободен пристап до сите потребни документи и информации, за правилно извршување на нивните законските одговорности.

## ПРИНЦИП 5

**Право и обврска да известуваат за нивното работење**

ВРИ не треба да бидат ограничени да известуваат за резултатите од ревизорската работа. ВРИ треба да бидат обврзани со закон да известуваат за резултатите од нивната ревизорска работа најмалку еднаш годишно.

## ПРИНЦИП 6

**Слобода да одлучуваат за содржината и роковите на ревизорските извештаи, како и за нивното објавување и дистрибуирање**

ВРИ имаат слобода да одлучуваат за содржината на своите ревизорски извештаи.

ВРИ имаат слобода да даваат наоди и препораки во своите ревизорски

извештаи, земајќи го во предвид, каде соодветно, ставот на субјектот на ревизија.

Законските прописи ги одредуваат минималните барања за ревизорско известување на ВРИ и, каде соодветно, за специфични прашања кои треба да бидат предмет на формално ревизорско мислење или потврда.

ВРИ имаат слобода да одлучуваат за временскиот рок на ревизорските извештаи, освен кога специфичните барања за известување се пропишани со закон.

ВРИ може да прифатат специфични барања за истраги или ревизии од законодавниот дом или од некоја од комисиите во законодавниот дом или од владата.

ВРИ имаат слобода да ги објавуваат и дистрибуираат своите извештаи, откако истите тие ќе бидат формално поднесени или доставени до соодветниот орган, како што налага законот.

## ПРИНЦИП 7

**Постоење на ефективни механизми за следење на препораките на ВРИ**

ВРИ ги поднесуваат своите извештаи до законодавниот дом, до некоја од комисиите во законодавниот дом или до управниот одбор на субјектот на ревизија, како што е соодветно, за разгледување и следење на корективни мерки за одредени препораки.

ВРИ имаат свој внатрешен систем за следење со цел да осигурат дека субјектите на ревизија соодветно ги адресираат нивните наоди и препораки, како и оние дадени од страна на законодавниот дом, некоја од неговите комисии или управниот одбор на субјектот на ревизија, како што е соодветно.

ВРИ ги поднесуваат своите извештаи за следење на ревизорските препораки до законодавниот дом, некоја од комисиите во законодавниот дом или до управниот одбор на субјектот на ревизија, како што е соодветно, на разгледување и постапување, дури и кога ВРИ има законско овластување за следење на препораките и преземање санкции.

# ПРИНЦИП 8

**Финансиска и раководна/административна автономија и расположливост на соодветни човечки, материјални и финансиски ресурси**

ВРИ треба да располагаат со неопходни и разумни човечки, материјални и финансиски ресурси; извршната власт (владата) не треба да го контролира или насочува пристапот до овие ресурси. ВРИ самите управуваат со својот буџет и го распределуваат соодветно.

Законодавниот дом, или некоја комисија од законодавниот дом, е одговорен за обезбедување на неопходните ресурси за исполнување на мандатот на ВРИ.

ВРИ имаат право на непосредна жалба до законодавниот дом доколку обезбедените ресурси се недоволни за исполнување на нивниот мандат.